**КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Бул: Партизански Одреди 64 б 2М**
**Тел: 30 66 071**
**E-mail: komora.na.psiholozi@gmail.com**

Врз основа на Член 33 од Статутот на Комората на психолози на Република Македонија Управниот одбор на Комората на својата седница одржана на__. __. 2008 го донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРАВАТА И ОДГОВОРНОСТИТЕ

# НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМОРАТА НА ПСИХОЛОЗИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник за правата и одговорностите на членовите на Комората на психолози на Република Македонија ( во продолжение на текстот: Правилник) се утврдуваат правата и одговорностите на психолозите

## II. ПРАВА И ЗАШТИТА НА ПСИХОЛОЗИТЕ

### Член 2

Општа цел на психолошката дејност е унапредување на квалитетот на животот на поединецот, групите и човековите заедници со што ја сочинува основната цел на правата на психолозите на заштита на угледот и достоинството.

Правата на психолозите се посебно истакнати преку:

- **Правото на стандард на стручната дејност**

Правото на стандард на стручната дејност произлегува од Стандардите на психолошките тестирања кои се составен дел од психодијагностичките средства на Комората на психолози на Р. Македонија ( во понатамошниот текст: Комора) и на другите стандарди кои ги има донесено Комората. Истите му осигуруваат на психологот делување во својата дејност според утврдените правила на струката.

- **Право на стручно усовршување**

Правото на стручно усовршување се темели на член 22 од Законот за психолошка дејност и на одредбите од Правилникот за содржината, роковите и постапките на стручно усовршување и проверка на стручноста на психологот и пријава за стручниот собир за усовршување на психолозите на Комората и го поттикнува психологт на доживотно усовршување во струката.

- **Право на помош во стручната работа**

Правото се темели на одредбите на Законот за вршење на психолошка дејност и на Кодексот за етика на психолошката дејност.

- **Право на соодветна награда за психолошката работа**

Комората донесува критериуми за вреднување на работата (во облик на ограничувања) како став според кои се одредува ниво на минимум под кое не би смеело да се утврдува наградување на работата на психологот ( која пак, се утврдува со прописите и колективните договори).

- **Право на заштита при извршување на дејноста, загрозување на угледот и достоинството на психологот**

Комората донесува критеируми за минимални услови за работа( во облик на ограничувања) кои го следат односот на работодавачот кон психолозите, за да евентуално се преземат мерки во случај на неправилно постапување кон психологот. Се внимава да не се загрози угледот и достоинството на психологот, со цел да се овозможи почитување на психологот согласно одредбите на Етичкиот Кодекс на психолозите на Р. Македонија.

- **Право на материјална оштета во случај на телесна или душевна повреда или смрт во текот на професионалната активност.**

- **Право на грижа на совест**

Поради своите етички, верски или морални определби, односно уверувања, психологот има право да се повика на грижа на совест и со тоа да одбие спроведување на психолошката дијагностика, третманите и советувачката дејност, а тоа не е спротивно со правилата на струката ако со тоа не предизвикува трајни последици на корисниците на психолошките услуги. За својата одлука мора навремено да го извести корисникот и да го упати кај друг психолог.

Ако психологот е во работен однос за двојата одлука мора да го извести својот надреден, односно работодавецот.

- **Право да се одбие психолошка услуга на корисникот кој се однесува навредливо и заканувачки**

Психологот може да одбие давање на психолошки услуги на личностите кои му се заканувaат, или навредливо се однесуваат кон психологот.

- **Право на етичко однесување на колегите**

Етичкото однесување на колегите произлегува од одредбите во Етичкиот Кодекс на психолозите на Р. Македонија

- **Право на образовно-истражувачка работа**

**Член 3**

Во овозможувањето на заштита на правата и застапувањето на интересите на своите членови, Комората посебно:

- ќе се грижи за заштитата на психологот согласно неговите права во работниот однос;
- ќе се погрижи цената на психолошките услуги да биде соодветна на вложеното знаење, заложување, професионалност и одговорности;
- во однос на надлежните државни и општински органи да обезбеди бесплатни правни совети;
- во случај кога КОмората ќе оцени дека со решението или одлуката на надлежното тело е направена повреда на психолозите, ќе покрене постапка со цел да ги заштити своите членови;
- со цел да го заштити угледот на психологот, Комората ќе реагира на неоправданите и неосновани изјави во електронските и пишани медиуми;
- Комората може да го застапува психологот пред работодавецот, државните и општинските тела, ако психологот тоа го побара, а Комората тоа го оцени за оправдано односно ако е дозволено со нејзините прописи.

**Член 4**

Членот на Комората има право да ги користи сите овластувања кои Комората ги има договорено со други правни и физички лица, за што Комората е должна да обезбеди навремено известување.

**Член 5**

Членот на Комората или неговото семејство имаат право на материјална помош, според критериумите кои ги пропишува Управниот Одбор.

## III. ДИСЦИПЛИНСКИ ОДРЕДБИ

**Член 6**

Лесна повреда е секое нарушување на дожноста и угледот на психологот односно психолошката дејност, Етичкиот Кодекс на психолозите на Р. Македонија и други општи акти на Комората при што нема трајни последици или последицата е незначајна.

**Член 7**

Тешка повреда е секое нарушување на должноста и угледот на психологот односно психолошката дејност, како и Законот за вршење на психолошка дејност, Етичкиот Кодекс на психолозите на Р. Македонија и други општи акти на Комората, кои имаат потешко значење во однос на важноста, на природата на повредената должност, висината на материјалната штета или тежината на другите последици во зависност од околностите во кои дејноста е извршена односно пропуштена.

## IV. ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

**Член 8**

За потешки дисциплински повреди на психологот можат да му се изречат следниве мерки:

- опомена;
- јавна опомена;
- парична казна
- привремено одземање на одобрението (лиценца) за вршење на психолошка дејност во рок од еден месец до една година;
- трајно одземање на лиценцата за вршење на психолошка дејност;

- губење на правото за вршење на психолошка дејност од шест месеци до три години

За потешки дисциплински повреди на психологот проправник можат да му се изречат следниве мерки:

- опомена:
- бришење од Именикот на психолози приправници во период од шест месеци до три години

За полесни дисциплински повреди на психологот можат да му се изрече опомена или парична казна, а на психологот приправник опомена.

**Член 9**

Паричната казна за лесна повреда може да се изрече во висина од............до ...........денари, а за тешка повреда од..............до.............денари.

## V. ДИСЦИПЛИНСКИ ПОВРЕДИ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПСИХОЛОШКА ДЕЈНОСТ

Ако психологот врши психолошка дејност без основна или посебна лиценца, прави тешка дисциплинска повреда согласно член 33 став 1 од Законот за вршење на психолошка дејност.

Ако психологот кој врши психолошка дејност не поднесе барање за обновување на основната или посебната лиценца, кои се издаваат на период од седум години согласно член 5 од Законот за вршење на психолошка дејност, и не достави докази за стручното усовршување во тој изминат период, прави тешка дисциплинска повреда согласно член 33 став 1 од Законот за вршење на психолошка дејност, освен ако тоа не можел да го направи од оправдани причини.

Ако психологот ја врши психолошката дејност нестручно поради незнаење или немарност, прави тешка дисциплинска повреда согласно член 33 став 2 од Законот за вршење на психолошка дејност.

Ако психологот врши приватна пракса спротивно на член 8 од Законот за вршење на психолошката дејност, прави тешка дисциплинска повреда.

Ако психологот кој врши приватна пракса не ја извести Комората за привремено отсуство од приватната пракса, прави тешка дисциплинска повреда спротивно на член 11 од Законот за вршење на психолошката дејност.

Ако психологот не ги применува цените на психолошките услуги во приватната пракса кои ги утврдила Комората, прави тешка дисциплинска повреда на член 14 од Законот за вршење на психолошка дејност.

Ако психологот не ги чува податоците за психичката и здравствена состојба на корисникот на психолошките услуги, причините, околностите и последиците од таа состојба како професионална тајна, прави тешка дисциплинска повредана член 17 од Законот за вршење на психолошка дејност.

Ако психологот за податоците за кои постои обврска за професионална тајна ги извести стручњаците на кои истите им се потребни за осигурување на добробитноста на корисникот или општото добро, а при тоа нема да назначи дека станува збор за законски заштитени податоци, прави лесна дисциплинска повреда на член 18 од Законот за вршење на психолошка дејност.

Ако психологот не обезбеди соодветни услови за заштита на психодијагностичките средства, на документите и податоците кои се професионална тајна, утврдено со прописите на Комората, прави тешка дисциплинска повреда на член 19 од Законот за вршење на психолошка дејност.

Ако психологот ги пресликува во целост или во делови психодијагностичките средства или на било кој начин ги дава на увид на неовластено лице, прави тешка дисциплинска повреда на член 20 став 2 од Законот за вршење на психолошка дејност.

Ако психологот психодијагностичките средства не ги употребува согласно Стандардите за психолошки тестирања кои ги пропишува Комората, прави тешка дисциплинска повреда на член 20 став 3 од Законот за вршење на психолошка дејност.

Ако психологот и прихологот приправник кој врши психолошка дејност не плаќа уредно членарина и не ги исполнува другите обврски кон Комората, прави тешка дисциплинска повреда на член 27 од Законот за вршење на психолошка дејност.

Ако психологот приправник за време на обуката не работи на должностите кои му ги задава психологот и не се придржува кон дадените упатства, прави тешка дисциплинска повреда на член 29 став 2 од Законот за вршење на психолошката должност.

.

Ако психологот приправник самостојно и за своја корист врши психолошка дејност, прави тешка дисциплинска повреда на член 29 став 1 од Законот на вршење на психолошка дејност.

Ако психологот со своето однесување кон корисникот на психолошките услуги, кон друг психолог, трети личности или општествената заедница го повреди угледот на психологот, е дисциплински одговорен согласно член 33 од Законот за вршење на психолошка дејност.

Ако психологот кон Комората и нејзините членови се однесува недолично, тој е дисциоплински одговорен согласно член 33 од Законот за вршење на психолошката дејност.

Ако психологот чија работа е под стручен надзор одбие да соработува во стручната опсервација или попречува, прави тешка дисциплинска повреда на член 41 од Законот за вршење на психолошката дејност.

## VI. ДИСЦИПЛИНСКА ПОВРЕДА НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС НА ПСИХОЛОЗИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ако психологот во својата работа и професионално делување ги повреди основните човекови права, достоинство и вредностите на луѓето, прави тешка дисциплинска повреда на Основните начела на почитување на човековите права и личното достоинство од Етичкиот Кодекс на психолозите на Р. Македонија

Ако психологот не го почитува правото на поединецот на приватност и тајна, како и неговото право на самоодлучување, а со кој е во професионален однос, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди – Општи стандарди од Етичкиот Кодекс на психолозите на Р. Македонија

Ако психологот нуди услуги и се служи со техники за кои не е квалификуван со образованието, тој прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди – Општи стандарди од Етичкиот Кодекс на психолозите на Р. Македонија

Ако психологот нуди услуги на дијагностицирање, терапевстка работа, супервизија над контекстот на професионалните и академски способности, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија

Ако психологот не го запознае корисникот на психолошките услуги со резултатите за неговата психичка состојба иако тој го побарал тоа, а за тоа не постојат причини одредени со Етичките стандарди на Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди – приватност и доверливост- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија

Ако психологот не процени дека со запознавањето на корисникот на психолошки услуги со проценката на неговата психичка состојба ќе го доведе во тешка психичка состојба, или не оцени дека со истото би настанале штетни последици за корисникот на психолошките услуги односно за другите луѓе од неговата околина, а тоа морал да го процени според правилата на обавување на психолошката дејност; со запознавањето корисникот на психолошки услуги со неговата психичка состојба прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди – Приватност и доверливост од Етичкиот Кодекс на психолозите на Р. Македонија

Ако психологот ги понижува или потценува личностите со кои стапува во професионален однос, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди – Односи со лица при професионален контакт од Етичкиот Кодекс на психолозите на Р. Македонија

Ако психологот сексуално ги загрозува или стапува во сексуални односи со личностите со кои доаѓа во професионален контакт во професионалната работа, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди – Односи со лица при професионален контакт од Етичкиот Кодекс на психолозите на Р. Македонија

Ако психологот воочи злоупотреба или погрешна интерпретација на сопствената работа, а не преземе соодветни чекори да се поправи или да ги сведе овие злоупотреби или погрешни интерпретации на најмала можна мерка, прави лесна дисциплинска повреда на Етичките стандарди од Етичкиот Кодекс на психолозите на Р. Македонија

Ако психологот ги наплатува своите услуги спротивно на соодветните прописи, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Наплатување на услугите- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија

Ако психологот за износот на надоместокот на своите услуги не го информира корисникот на психолошки услуги на почетојот на професионалниот однос, прави лесна дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Наплатување на услугите- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот не ја средува уредно и во согласност со прописите документацијата за сопствената професионална и образовна работа, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Компетенција- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија

Ако психологот со психолошките мерења, стручните препораки, извештаи, како и психолошките евалуации и психодијагностика не ги заснова на стручно втемелените постапки и техники, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Психолошка процена- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија

Ако психологот ги даде на увид резултатите од психолошките мерења на личностите кои не се квалификувани за користење на такви информации, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Приватност и доверливост- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот не го чува интегритетот и сигурноста на тестовите и на другите психолошки мерни постапки или ги поткопува принципите кои оневозможуваат кршење на начелатаи прописите за користење тестови, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Психолошка процена- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот собира податоци без согласност на вклучените личности, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување на резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот во своите професионални релации не го почитува правото на личноста на сопствена тајна и интима и не презема обврзни мерки на претпазливост дека овој аспект на релацијата со ништо не е повреден, прави тешка дисциплинска повреда на Етичните стандарди- Почитување на човековите права и личното достоинство- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот доверливите податоци за учесниците во сопствените истражувања, за своите советодавни или клинички услуги, податоци за корисниците на психолошки услуги, на организации, ученици или на студентите ги даде без согласност на вклучените личности, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување на резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р.Македонија.

Ако психологот пред истражувањето не бара ниту поседува писмено одобрување од надлежните институции или организации, а такво одобрување е потребно според позитивните прописи, прави лесна дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот спроведува истражување и притоа не води грижа за достоинството и добросостојбата на учесниците, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот како истражувач, изведува задачи за кои не е стручно оспособен или посебно извежбан, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот во случај на истражување на специјална популација, не се советува со стручњаци за таа популација на испитаници, прави лесна дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот пред истражувањето не им објасни на учесниците со едноставни и разбирливи формулации на истражувањето и взаемните одговорности, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот на потенцијалните учесници не им понуди сами да одлучат дали сакаат да учествуваат во испитувањето, откако ги запознал со нивните обврски, ограничувања, потенцијални последици и ризици на истражувањето, прави лесна дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување на резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот не обезбеди одобрувања од законски надлежните личности или институции за личностите кои не се во состојба да презњмат одговорност за учеството во истражувањето, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот погрешно ги информира испитаниците за евентуалните нелагодни аспекти на учествувањето во истражувањето, а кои би можеле да влијаат на неговата одлука да учествува ( на пр. негативни емоционални состојби кои можат да резултираат од учеството во истражувањето, физички ризици, бол, или слично), прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот по истражувањето не обезбеди можност на учесниците кои бараат да добијат соодветна информација за природата, резултатите и заклучоците од истражувањето, прави лесна дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот презентира туѓи идеи како свои, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот накнадно утврди значајна грешка во сопствените, веќе публикувани резултати, и не преземе потребни чекори оваа грешка да ја поправи и отстрани, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот ги објави како оригинални податоците кои се веќе објавени некаде, а не стави напомена каде е објавена изворната информација, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот кој добива на рецензија истражувачки трудови, предлози на проекти, кандидатури за стипендии, работно место и слично; не ги заштити во тајност податоците и авторските права на личностите чии материјали ги рецензира, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

Ако психологот на јавен настап дава неточни податоци кои би можеле да ги заведат погрешно примачите на информацијата, прави тешка дисциплинска повреда на Етичките стандарди- Истражување и објавување резултати- од Етичкиот кодекс на психолозите на Р. Македонија.

## VII. ДИСЦИПЛИНСКА ПОВРЕДА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПСИХОДИЈАГНОСТИЧКИ СРЕДСТВА

Ако психологот употребува психодијагностички средства од ''Ц'' без претходна едукација, прави тешка дисциплинска повреда на Член 6 од Правилникот за психодијагностички средства.

Ако психологот не води попис на посебно заштитените психодијагностички средства и не ги употребува на место кое е заштитено од можна злоупотреба, прави тешка дисциплинска повреда на Член 13 од Правилникот за психодијагностички средства.

Ако психологот кој е задолжен за психодијагностичките средства, престане да работи кај работодавецот, а работодавецот нема вработено друг на кој би се предале тие психодијагностички средства а и не се согласува да ги предаде психодијагностичките средства на Комората, а психологот не ја известил за тоа Комората, прави тешка дисциплинска повреда на Член 14 од Правилникот за психодијагностички средства.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 7

Овој Правилник стапува на сила по усвојувањето.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМОРА НА**
**ПСИХОЛОЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Ана Андова**